Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весникна РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1бр.19-8/2021 доставено од , со адреса на

**донесе**

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-8/2021 доставено од се

**одобрува и се дава следната информација:**

- Одговорното лице во Министерството за правда има потпишано Решение за овластување на државен службеник за потпишување на акти за одлучување во постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во прилог на ова Решение Ви доставуваме фотокопија од Решение за овластување на државен службеник за потпишување на акти бр.02-2084/1 од 17.09.2020 година.
- Министерството за правда согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19), има изготвено Листа на информации од јавен карактер која редовно се ажурира и истата е објавена на веб страницата на Министерството за правда - www.pravda.gov.mk. Во неа се содржани и информациите што се наведени во Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија.
- Секој сектор во Министерството за правда ги доставува информациите од јавен карактер од негов делокруг на работа, а кои се наоѓаат во Листата на информации од јавен карактер, до Секторот за ИТ кој ги објавува на веб страницата на Министерството.
- Во зависност од тоа колку нови информации се создаваат, толку и се објавуваат на веб страницата на Министерството за правда.
- Објавите за јавните набавки се поврзани со оние на Електронскиот ситем за јавни набавки.
- Министерството за правда на веб страницата има рубрика - „Често поставувани прашања".


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## Образложение

од Скопје, до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да и бидат доставени информации за тоа: 1. Дали одговорното лице има потпишано решение за пренесување на овластување за одлучување во постапките за пристап до информации од јавен карактер; 2. Дали Владата на Република Северна Македонија има доставено листа со минимален број на информации и документи со обврска да бидат објавени на веб страницата на секој орган меѓу ноември 2019 и ноември 2020 година; 3. Дали има дефинирано систем за тоа колку често треба да се ажурираат документите; 4. Кои се документите од доставениот список што се објавуваат и колку често се ажуриаат објавените документи, 5. Дали податоците за јавните набавки се прикачени на веб страницата и дали се поврзани со оние на Електронскиот ситем за јавни набавки; 6. Дали Министерството за правда објавува рубрика со „често поставувани прашања“.

Министерството за правда го разгледа Барањето и ги достави бараните информации согласно предвиденета постапка во член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) и рокот предвиден за постапување, согласно член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРИЛОГ: Фотокопија од** Решение за овластување на државен службеник бр.02 - 2084/1 од 17.09.2020 Година.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска Скаловска

*УП1 бр. 19-8/2021*
08. 01. 2021 *год.*


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 02-2084/1
17.09.2020 2020 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и 154/19), а во врска со член 24 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.124/15 и 65/18) и член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РМ" бр.101/19), министерот за правда донесе

## РЕШЕНИЕ
**за овластување на државен службеник за потпишување на акти**

1. Државниот службеник **Убавка Матевска Скаловска,** раководител на Секторот за општи работи, се овластува даизготвува и потпишува решенија и други акти што се однесуваат на слободен пристап до информации од јавен карактер.

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решението за овластување на државен службеник за потпишување на акти број 02-958/1 од 12.02.2020 година.

## Образложение

Убавка Матевска Скаловска е вработена во Министерството за правда и распоредена на работно место раководител на Секторот за општи работи.

Согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварување на правото слободен пристап до информации, а согласно член 24 од Законот за општа управна постапка јавниот орган постапува преку овластено службено лице.

Согласно член 52 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа министерот може да овласти државен службеник да потпишува акти, да решава за определени прашања и да врши други работи од надлежност на министерството, освен за акти и работи кои во согласност со Закон се во надлежност на министерот.

Со оглед на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

ДОСТАВЕНО ДО:
-Именуваната,
-Архива
Изготвил : Маја Малјановска, раководител на сектор